Врз основа на член 65 став (6) од Законот за животната средина („Службен весник на Република Македонија“ бр. 53/05; 81/05; 24/07; 159/08; 83/09; 48/10; 124/10; 51/11; 123/12; 93/13; 42/14; 44/15; 129/15; 192/15, 39/16, 99/18), Градоначалникот на Општина Центар - Скопје, на ден ___.___.2022 година, донесе

**Одлука за неспроведување на стратегиска оцена**

1. За планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 14 – Кале и СРЦ Кале, Општина Центар – Скопје, плански период 2016 - 2022, кој се носи согласно Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на РМ“ бр.199/14; 44/15; 193/15; 31/16; 163/16; 64/18 и 168/18), не е потребно да се спроведе стратегиска оцена на влијанието врз животната средина согласно член 65 од Законот за животната средина.

2. Одлуката заедно со формуларите за определување на потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена се објавува на веб страната на Општина Центар – Скопје (www.centar.gov.mk).

3. Согласно критериумите за определување на тоа дали еден плански документ има влијание врз животната средина од член 65 став (4) од Законот за животна средина и врз основа на податоците од Прилог 2 на Правилникот за формата, содржината и образецот на одлуката за спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена и на формуларите за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена донесувањето на планскиот документ Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 14 – Кале и СРЦ Кале, Општина Центар – Скопје, плански период 2016 – 2021 нема да има влијание врз животната средина од следните причини: планот се донесува врз основа на Генералниот урбанистички план на град Скопје од 2012 година за кој што е спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина.

4. Против оваа одлука може да се поднесе жалба до Министерството за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од денот на објавувањето на одлуката на веб страната.

Бр. 09-1159/8

26.05.2022, Скопје

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**Општина Центар – Скопје**
**м-р Горан Герасимовски**

ОПШТИНА ЦЕНТАР СКОПЈЕ

ОПШТИНА ЦЕНТАР
Бр 09-11539/7
26.01.2022 год.
СКОПЈЕ

# Формулар за потребата од спроведување односно неспроведување на стратегиска оцена

| Податоци за органот кој го изработува планскиот документ | |
|---|---|
| *Назив на планскиот документ* | Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 14 – Кале и СРЦ Кале, Општина Центар - Скопје, плански период 2016 - 2022 |
| *Орган надлежен за изработка на планскиот документ* | Градоначалник на Општина Центар – Скопје |
| *Орган надлежен за донесување на планскиот документ* | Совет на Општина Центар – Скопје |

| Податоци за изработувачот на планскиот документ | |
|---|---|
| *Име на лицето овластено за подготвување на планскиот документ* | ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје<br>Работен тим:<br>Елена Андреева, дипл. инж. арх.<br>Маја Зафировска, дипл. инж. арх.<br>Снежана Неловска, дипл. инж. ар.<br>м-р Емилија Лелифановска, дипл. инж. арх. |
| *Назив на работното место* | Планер |
| *Контакт податоци за лицето* | ИН-ПУМА Институт за урбанизам, сообраќај и екологија ДОО Скопје<br>Булевар „Кузман Јосифовски Питу", 19/6-9, Поштенски фах 34, Скопје<br>тел/факс 02 2461 451; 2461 571<br>inpuma@t.mk |

| Основни податоци за планскиот документ |
|---|
| *Од што произлегува донесувањето на планскиот документ? (пр. законска обврска или друга одредба)* |
| Усогласување на деталниот урбанистички план со планот од повисоко ниво - Генералниот урбанистички план на град Скопје, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година со Одлука бр.07-5068/1 од 3.12.2012г.<br>Реализација на Програма за урбано планирање „Ф" на Општина Центар – Скопје. |
| *Дали се донесува нов плански документ или се врши измена на постојниот?* |
| Се носи нов плански документ после донесувањето на Генералниот урбанистички план на град Скопје, донесен од Советот на Град Скопје во 2012 година. |
| *Доколку се врши измена на постоечки плански документ наведете го називот на стариот плански документ и причините за негово изменување?* |
| / |
| *Дали планскиот документ опфаќа област определена со член 65 став 2 од Законот за животна средина. Доколку одговорот е ДА наведете ја областа.* |
| Да / Урбанистичко планирање |
| *Дали планскиот документ е определен со Уредбата за стратегиите, плановите и програмите, вклучувајќи ги и промените на тие стратегии, планови и програми, за кои задолжително се спроведува постапка за оцена на нивното влијание врз животната средина и врз животот и здравјето на луѓето. Доколку е определен наведете ја точката и алинејата под која е определен (пр. член 3 точка 1 алинеја 5).* |
| ДА<br>Член 3 точка 13 |

| |
|---|
| *Дали со планскиот документ се планира реализирање на проект што е предвиден со Уредбата за определување на проектите и критериумите врз основа на кои се утврдува потребата за спроведување на постапката за оцена на влијанието врз животната средина? Доколку одговорот е позитивен наведете за каков проект станува збор.* |
| НЕ |
| *Дали планскиот документ опфаќа користење на мала област од локално значење како што е определено со член 65 став 3 од Законот за животната средина? Доколку одговорот е ДА, наведете ја површината на областа и нејзиното значење.* |
| Да / 26.21 ха / локално значење |
| *Да се наведе целта на донесување на планскиот документ и да се опише клучната одлука која ќе се донесе.* |
| Основна цел на деталниот урбанистички план е да се изврши планско, програмско и нормативно усогласување на планскиот опфат на градската четврт со границите на четвртта како што се одредени со ГУП на Град Скопје, 2012-2022. Ова усогласување се однесува и за клучните плански одредби во Генералниот урбанистички план со кои се уредуваат намената на земјиштето и објектите, регулационите линии, односно примарната мрежа на сообраќајници и комунални инфраструктури, како и сите други нумерички плански параметри во ГУП што се однесуваат на градската четврт Кале и СРЦ Кале.<br>Исто така, цел на деталниот урбанистички план е да го уреди просторот на тврдината и околу тврдината во согласност со вредностите и категоријата на заштитеното подрачје, да ги преиспита начинот и степенот на спроведување на претходните и на важечките плански документи со кои се уредува просторот од ДУП Спортско рекреативен центар Кале, 2001-2006, ДУП за дел од Спортско рекреативен центар Кале блок 1, 2009-2014 и од ДУП за дел од Спортско рекреативен центар Кале блок 2, 2012-2017.<br>Цел на изработувањето и донесувањето на ДУП Градска четврт ЦС 14 - Кале и СРЦ Кале е да се создадат услови за воведување повисоки стандарди во планирањето на просторот на заштитеното културното наследство и контактните зони, за обезбедување локации и услови за изградба и функционирање на јавните институции од областа на културата, државна и локална управа, на комерцијални и деловни објекти, на објекти за спорт и рекреација и за задржување на постојното и планирање на ново парковско и заштитно зеленило.<br>Се разбира, цел на деталниот урбанистички план е и создавањето подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.<br>Со планот треба да се обезбеди функционално и просторно поврзување со непосредната околина со централното градско подрачје и со градскиот организам во целина. |
| *Предмет на планскиот документ (пр. транспорт, планирање на простор и сл.)* |
| Урбанистичко планирање |
| *Период за донесување на планскиот документ* |
| 2016-2022 |
| *Предвидено ревидирање на планскиот документ. Доколку е предвидено ревидирање на колку години?* |
| / |
| *Простор или област опфатени со планскиот документ (пр. географска област, добро е да се прикачи мапа)* |
| Границите на планскиот опфат се следните:<br><br>- на исток сервисната улица „С2“ (ул.„Самоилова“);<br>- на југ бул.„Гоце Делчев“;<br>- на запад оска на река Вардар и<br>- на северозапад бул.„Свети Климент Охридски“ - Тунел С49-С50. |

# АЖУРИРАНА ГЕОДТЕСКА ПОДЛОГА

**Легенда (топографски клуч):**

- граница на катастарска парцела
- жичана ограда
- бетонска ограда
- промена
- стамбен објект
- стамбен деловен објект
- деловен објект
- помошен објект
- 5526 - број на катастарска парцела
- 1161 0240.94 - снимена точка со кота на терен
- електрична бандера
- телефонски столб
- шахта
- телефонска шахта
- кандилабра
- дециметарска мрежа

| | | | |
|---|---|---|---|
| GEOPLAN JF | Друштво за геодетски улсуги и инженеринг<br>ГЕОПЛАН-ЈФ ДООЕЛ<br>Тетово | УПРАВИТЕЛ:<br>М.П. | |
| ИЗРАБОТУВАЧ: | ГЕОПЛАН-ЈФ, Тетово | ДАТА: Јануари, 2016 | |
| НАРАЧАТЕЛ: | ИН-ПУМА, Скопје | ИЗРАБОТИЛ:<br>Јакуп Фетаи дипл.инж.геод.<br>Рамиз Зулбеари геод.инж. | |
| ОБЈЕКТ: | ЦС 14, КО ЦЕНТАР 1, п=30,67 ха | | |
| ФАЗА: | АЖУРИРАНА ГЕОДЕТСКА ПОДЛОГА | РАЗМЕР:<br>1: 1000 | ДЕЛОВ. БР.<br>07-916/2015 |



| | ДА | НЕ |
|---|---|---|
| *Целите и/или предлог целите што треба да се постигнат со реализирањето на планскиот документ и дали истите се содржани во акт или документ?* | X | |
| *Дали е приложена копија од целите?* | X | |

| | |
|---|---|
| *Резиме на влијанијата врз животната средина* (*да се определи дали имплементацијата на планскиот документ ќе предизвика значително влијание врз животната средина, потребно е да ги пополните прашањата кои следат подолу како водич за определување на значителното влијание на ефектите врз животната средина, а кои се во согласност со Уредбата за критериумите врз основа на кои се донесуваат одлуките дали определени плански документи би можеле да имаат значително влијание врз животната средина и здравјето на луѓето*) | |
| *Потенцијалните влијанија врз животната средина од планскиот документ* | |
| *Веројатноста, времетраењето, фреквентноста и повратноста на влијанијата* | Нема значителни промени на потенцијалните влијанија врз животната средина. Се работи за опфат кој во дел има историја на урбанистичко планирање со генерални и детални урбанистички планови.<br>Опфатот на планот се дефинира со постоечки изграден градежен фонд со 17 градежни парцели, 12 парцели се активни, а останатите се задржуваат во постојна состојба.<br>Со ГУП-от на Град Скопје од 2012 година за овој опфат се предвидува намена Д1 (парковско зеленило), како и Б (комерцијални и деловни намени и В (јавни институции). Во опфатот се наоѓа и културно наследство дефинирано со Заштитно - конзерваторски основи изготвени од надлежната установа НУ Конзерваторски центар – Скопје. |
| *Кумулативната природа на влијанијата врз животната средина и животот и здравјето на луѓето* | За дел од опфатот на планот има претходни плански документи (ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 3, (2001-2006), донесен со одлука бр. 07-98/1 од 30.01.2002 година; ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 1, (2009-2014) донесен со одлука бр. 07-2842/4 од 30.08.2010 година; ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 2, (2012-2017) донесен со одлука бр.07-9816/12 од 21.12.2012 година). Со овој план влијанието врз животната средина нема дополнителни оптоварувања врз животната средина и здравјето на луѓето. |
| *Прекугранична природа на влијанијата* | Нема |
| *Ризиците по животот и здравјето на луѓето и животната средина* (*пр. како резултат на несреќи*) | Со планската документација се предвидени мерки за заштита на животната средина и мерки за заштита и спасување согласно релевантната законска регулатива. |
| *Опсег и просторниот обем на влијанијата* (*географска област и големината на популацијата која ќе биде засегната*) | Опфатот на планот се наоѓа непосредно до центарот на градот.<br>Целокупната реализацијата на планскиот документ треба да предизвика позитивни влијанија врз животната средина. |

<table>
<tr><td colspan="2">Потенцијалните економски и социјални влијанија кои би ги предизвикал планскиот документ како што се:</td></tr>
<tr><td colspan="2">- Обезбедување на услови за изградба и функционирање на јавните институции;<br>- создавање на подобри услови во обезбедувањето на комуналните стандарди од областа на сообраќајот, водоснабдувањето, одведувањето на отпадните води, отстранувањето на цврстиот отпад, снабдувањето со енергија, електронските комуникации и сл.;<br>- обезбедување повисок стандард на јавното зеленило.</td></tr>
<tr><td colspan="2">Вредноста и ранливоста на областа која ќе биде засегната со донесување на планскиот документ:</td></tr>
<tr><td colspan="2">Се работи за опфат на план со особено значајна позиција: во непосредна близина до Градскиот парк, централниот градски плоштад и до Старата чаршија, а со тврдината „Кале“ во рамки на опфатот; дел од опфатот се протега на ридот Градиште – археолошко наоѓалиште и локација на првите формации на населби во центарот на Скопје, а дел во неговото подножје од јужната и западната страна; границата на планскиот опфат на северозапад е планираната градска магистрална улица „Климент Охридски“ западна граница е реката Вардар, јужна граница е булеварот „Гоце Делчев“, а источна граница е улицата „Самоилова“ што го карактеризира опфатот со одлична сообраќајна пристапност и поврзаност со високо ценети урбанистички карактеристики.<br>Во опфатот влегува заштитениот споменик на култура Скопска тврдина „Кале“ и Спомен-куќата на Лазар Личеноски што истовремено претставува особена вредност, но и ранливост на областа.</td></tr>
<tr><td>Посебни природни карактеристики или културно наследство</td><td>Опфатот на планот се наоѓа во централното градско подрачје, позиционирано на левиот брег на реката Вардар, во поголем дел на ридот Градиште, а во останатиот дел во неговото подножје од јужната и западната страна.<br>За потребите на Детален урбанистички план Градска четврт ЦС 14 Кале и СРЦ Кале, Општина Центар изработени се Заштитно - конзерваторски основи од надлежната установа НУ Конзерваторски центар - Скопје и истите се одобрени со Решение бр.УП 17-709 од 26.10.2018 год. од Управата за заштита на културно наследство и Анекс на Заштитно конзерваторски основи за културното наследство за подрачјето на опфат на ДУП за Градска Четврт ЦС 14 Општина Центар - Скопје одобрен со Решение бр.УП 17-266 од 09.04.2021 година од Управата за заштита на културно наследство.</td></tr>
<tr><td>Надминување на стандардите за квалитет на животната средина или гранични вредности</td><td>Нема</td></tr>
<tr><td>Интензивна употреба на земјиштето</td><td>Површината во рамките на опфатот е 26.21ха, планирани се 17 градежни парцели; вкупна бруто развиена површина е 70767m²; просечен бруто коефициент на искористеност изнесува 1,4, додека просечен бруто процент на изграденост изнесува 35,7%.<br>Во рамки на опфатот не е планирана намена А – домување.</td></tr>
<tr><td>Влијанијата врз областите или пејзажите кои имаат признати статус на национални или меѓународни заштитени подрачја</td><td>Нема</td></tr>
</table>

| |
|---|
| *Објаснете го степенот до кој планскиот документ поставува рамка за спроведување на проекти и други активности, во однос на локацијата, природата, големината и условите за работа или според одредувањето на ресурсите* |
| Планскиот документ рамките за спроведување ги поставува согласно одредбите од Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и друга релевантна законска регулатива. |
| *Објаснете ја околината во близината на проектот односно активноста која се планира да се спроведе со планскиот документ од аспект на можни влијанија врз животната средина (пр. планот предвидува изградба на резиденцијални објекти во близина на индустриска зона, објаснете дали индустриската зона ќе има влијание врз животната средина на планираните резиденцијални проекти)* |
| Дел од опфатот на планот е со историја на урбанистичко планирање со генерални и детални урбанистички планови, додека во останатиот дел се наоѓа тврдината Кале каде што нема детална планска документација и во иднина не се предвидува градење. Опфатот на планот се дефинира со делумно изграден градежен фонд со 17 градежни парцели од кои 12 парцели се активни, останатите се задржуваат во постојна состојба. Со ГУП-от на Град Скопје од 2012 година за овој опфат се предвидува намена Д1 (парковско зеленило), како и Б (комерцијални и деловни намени и В (јавни институции). Во опфатот се наоѓа и културно наследство дефинирано со Заштитно - конзерваторски основи изготвени од надлежната установа НУ Конзерваторски центар – Скопје.<br>Со планот е предвидена реализација на нови објекти со следниве намени: Б4 – деловни простори, Б5 – хотелски комплекси, В3 – култура, В4 – државни институции, Д3 – спорт и рекреација и Е2 – комунална супраструктура - трафостаници.<br>Локацијата е опкружена со сообраќајници, со што се олеснува пристапот. |
| *Објаснете ја важноста на планскиот документ за вклучување на аспектот на заштита на животната средина особено во поглед на промовирањето на одржливиот развој (да се наведе дали обемот на планскиот документ придонесува кон одржливоста и намалување на еколошките проблеми. Пр. еден инфраструктурен план може да има поголеми влијанија врз животната средина отколку некој образовен план на наставните планови)* |
| Урбанистичкото планирање овозможува промовирање на одржливиот развој преку спроведувањето на планските документи. |
| *Кои еколошки проблеми се релевантни за планскиот документ? Објаснете зошто истите се релевантни и опишете ја нивната природа и сериозност. (објаснете ги проблемите кои спроведувањето на планскиот документ може да ги предизвика или да доведе до нивно зголемување, проблемите кои можат да го забават неговото спроведување, како и проблеми кои спроведувањето на планскиот документ може да ги реши или намали)* |
| Спроведувањето на планскиот документ ќе ги реши проблемите во опфатот преку изведба на планирана нереализирана или замена на застарена инфраструктура, како и проблеми со сообраќајното решение. Ќе се обезбеди и повисок стандард на јавното зеленило. |
| *Објаснете како планскиот документ кој е предмет на разгледување е поврзан со друг/и плански документ/и во хиерархијата на планирање. Наведете го називот на тој/тие плански документ/и и наведете ги клучните влијанија на тие плански документи врз животната средина. Определете ги разликите во клучните одлуки што се носат со предметниот плански документ и другите плански документи кои биле или ќе бидат предмет на оцена.* |
| План од повисоко ниво е Генералниот урбанистички план на град Скопје 2012-2022, усвоен од Советот на Град Скопје во 2012 година.<br>За просторот на Тврдината Кале досега не е направен урбанистички план, додека за просторот на СРЦ Кале се изработени следните детални урбанистички планови:<br>- ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 3, (2001-2006), донесен со одлука бр. 07-98/1 од 30.01.2002 година;<br>- ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 1, (2009-2014) донесен со одлука бр. 07-2842/4 од 30.08.2010 година;<br>- ДУП "Спортско рекреативен центар Кале", блок 2, (2012-2017) донесен со одлука бр.07-9816/12 од 21.12.2012 година.<br>Нема промени во поголем обем во однос на важечките детални урбанистички планови. |
| *Доколку потенцијалните влијанија на клучните одлуки во планскиот документ веќе* |

*биле предмет на оцена или веќе биле разгледани во други плански документи во некоја поранешна фаза, резимирајте ги главните заклучоци на таа оцена и како тие заклучоци се користени во процесот на одлучување. Опишете дали претходно спроведената оценка е направена согласно најновите сознанија за влијанијата врз животната средина со цел да може истата да се користи во процесот на усвојување на постоечкиот плански документ.*

Согласно член 28 став 1 од Законот за просторно и урбанистичко планирање, стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето се спроведува при донесување на генерален урбанистички план, а при донесување на детален урбанистички план само доколку не била спроведена стратегиска оцена за влијание врз животната средина и врз здравјето на луѓето при донесувањето на генералниот урбанистички план врз основа на кој е изработен предметниот детален урбанистички план.
За опфатот на планскиот документ донесен е Генерален урбанистички план на град Скопје со плански период 2012-2022 од страна на Советот на Град Скопје со Одлука бр.07-5068/1 од 3.12.2012г. за кој што е изработен Извештај за стратегиска оцена за влијание врз животната средина. За Извештајот Министерството за животна средина и просторно планирање издало позитивно мислење бр.15-7096/2 од 31.7.2012 година.

*Доколку потенцијалните влијанија од клучната одлука во овој плански документ ќе биде оценета во некоја подоцнежна фаза на планирање на пониско ниво, наведете како ќе обезбедите влијанијата што се утврдени во оваа фаза на донесување на планскиот документ да се земат во предвид при носењето на одлуката во подоцнежната фаза (пр. се спроведува стратегиска оцена на урбанистички план во кој се предвидува изградба на објект кој подлежи на постапка на оцена на влијанието врз животната средина)*

Во опфатот на планскиот документ не се предвидува изградба на нови објекти за кои задолжително се врши оцена на влијанието врз животната средина.

| | |
|---|---|
| *ИЗЈАВА* | *Потврдувам дека информациите дадени во овој формулар се точни, вистинити и комплетни.* |
| *Функција, име и презиме и потпис на лицето кој го носи планскиот документ во име на органот* | Градоначалник<br>на Општина Центар – Скопје<br>м-р Горан Герасимовски |
| *Датум* | *м.п.* |
| _____ година<br>Скопје | |